# ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

Ј. Димевски и В. Кушевски

## КАКВА Е СОСТОЈБАТА И КАКВИ СЕ ПОТРЕБИТЕ ОД НАГЛЕДНИ СРЕДСТВА ЗА НАСТАВАТА ПО НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛНАТА БОРБА И НАРОДНАТА РЕВОЛУЦИЈА

*Колегата Душан Станимировиќ, директор на основното училиште „Цветан Димов" во Скопје, го упати следново прашање до Редакцијата: „Дали може нешто повеќе да се стори во поглед на нагледните средства за историјата на Народноослободителната војна и Народната револуција?" Во одговор на прашањето, Редакцијата го објавува следниов одговор на Јордан Димèвски и Војо Кушевски.*

* * *

Секако, задоволување на основните материјални потреби на секоја, па и на наставата по историја, не се состои само во донесување на наставни планови и програми и издавање на учебници, туку нејзе ѝ се неопходни и нагледни средства и други учила. Ова посебно треба да биде нагласено за наставата на најновата историја на нашите народи, чиј што основен дел ја сочинува Народноослободителната војна и Народната револуција. Имено, иако (во споредба со поранешната состојба) во поглед на учебниците, во кои е обработена НОБ и НР, денес стоиме релативно подобро, сепак, колку и да располагаме со квалитетни учебници, со нив не може да се опфати величината, ниту пак да се исцрпи сета воспитно-образовна содржина на нашата најнова историја, на НОБ и НР. Впрочем, во учебниците по историја се изнесени само основните настани, белези на епохата, сообразно психофизичката возраст на учениците. И покрај тоа што кај нас досега прилично е сторено во поглед објавувањето на мемоарската белетристичката и друга литература на тематиката од НОБ и НР, сепак, ние сметаме дека кај нас недостасуваат прирачници, според наставната програма за НОБ. Затоа, како дополнување на учебникот, потребно е да се печатат и историски читанки, збирки на текстови, четива и друго — прилагодени за практична употреба за наставна работа и др.

Меѓутоа, посебно е незадоволувачка положбата со нагледните средства и други учила кои се однесуваат за третираната наставна

област. Таков е случајот со историските карти за НОБ. До денес е излезена само една таква тематска карта, но и таа не е погодна за наставна работа. Нејзин основен недостаток е што на нејзиниот формат на демонстрациона карта се поместени повеќе помали карти, такашто секоја за себе си го губи карактерот на демонстрациона карта. Освен тоа, со исклучок на 2—3 такви карти, останатите не се погодни за наставна работа, бидејќи според нивните условни знаци, т.е. содржината, тие имаат главно карактер на карти за изучување на сложени воени операции, што не е предвидено според наставната програма за историјата на НОБ ниту во основните, ниту во останатите училишта. Додаваме дека оваа, односно овие карти според својата обемна содржина (гледана низ условните знаци) не го означува обемот на материјалот по НОБ кој треба да се изучува ниту во средните, а камо ли во основните училишта. Од сево ова заклучуваме дека овие историски карти не се погодни за наставата во овие училишта, што со други зборови значи дека ние денес не располагаме со историски карти од НОБ кои одговараат на дидактичките барања. Зашто, добра историска демонстрациона карта за настава се одликува со контурални и поедноставни обележувања на историските места, настаните, воените операции и сл. Такви, прилично погодни и добро составени карти за НОБ постојат во учебниците што се во употреба за VIII одделение на основните училишта, што говори дека заинтересираниот издавач може да појде од тие карти, за да ги прилагоди, изработи и издаде во демонстрационен формат.

Преминувајќи на состојбата со историската слика од НОБ, како наставно средство, должни сме да укажеме дека на овој план сепак се произведени одреден број дијафилмови на теми од НОБ. Но сепак, иако од дијафилмот, всушност, е историска слика, користењето во наставата е сврзано и со други наставно-методски концепции и со посложена методска постапка при обработувањето на овој наставен материјал, како и со други материјално-технички услови. Затоа, сметаме дека освен одреден број на дијафилмови, ние исто така, немаме и историски слики од историјата на НОБ и НР, изработени како наставно средство. Ние вистина располагаме со неколку издадени албуми, кои ни ги нудеа трговските патници, но и тоа не е наставна слика за училничка работа. Овие албуми од НОБ имаат обично репрезентативен или јубилеен карактер и доколку се набавени од училиштата, тие често се наоѓаат и во канцелариите на директорите, за да ги гледаат, обично, странките! Но за нас е поважно да констатираме дека и тие албуми не се погодни за употреба во наставата. Иако во нив има добар избор на слики — како историски документи од НОБ, сепак тие го немаат големиот формат како би можеле да се користат како наставно демонстрационо средство. Ако би сакал наставникот да користи одделни слики од овие албуми, тој треба да оди од клупа на клупа со албумот, при што се губи во време на часовите, и што е најважно, во тој случај отсуствува колективното посматрање од страна на учениците, што треба најмногу да дојде до израз во методската постапка, при користењето на историската слика како

наставно средство. Имено, таквите слики треба да бидат добро одбрани, според нивната образовна содржина и воспитна вредност и како документи тие би биле прекрасни очигледни средства за наставата по НОБ и НР. Само да ја споменеме онаа дваесетомартовска слика од Теразие, потоа впечатливата слика на народниот херој Филиповиќ на бесилката и многу други, — кои не само што би ги краселе училниците и аулите на нашите училишта, туку, како зголемени и умножени репродукции на голем формат, треба да се наоѓаат во секој кабинет по историја.

Малку подобро, но не и задоволувачка е положбата со снабденоста на училиштата со доволно портрети на револуционерите и народните херои и други истакнати личности од НОБ и НР. Затоа во наставата, при обработката на односната материја, ретко се работи на портретот на историската личност, па и на историски-политичката карикатура.

За наставата по НОБ и НР, потребно е на крупни демонстрациони формати да се издадат и факсимили на некои делови дури и на некои цели документи од нашата најблиска историја. Зашто, на пример, не би се издал факсимил на Обзнаната, за работа во училница. Или на пример, на Прогласот на ЦК КПЈ за востание во 1941, потоа, на одделни решенија од II-то заседание на АВНОЈ, од I-то заседание на АСНОМ и други такви?

На ова место ја истакнуваме и потребата од издавање за наставни цели и на репродукции на одбрани значајни ликовни дела од времето на НОБ и НР, создадени од нашите познати уметници, активни учесници во оваа војна, како што се тие на Ѓорѓе Андреевиќ Кун, на Антун Августинчиќ, Бранко Шотра и други. Нивните одбрани дела ја имаат силата да побудуваат длабоки емотивни доживувања кај учениците, така што независно со својата одредена содржина, тие на своевиден начин придонесуваат да се почувствува и доживи величината, на овие славни страници од нашето блиско минато. Како илустрација на реченово, ја спомнуваме од бројните примери, студијата, „Свидетели на стравотијата“ („Сведоци ужаса“) од Ѓорѓе Андреевиќ Кун.

Затоа, врз основа на изнесеното, ние сметаме дека кај нас како мошне актуелно, се наложува издавањето на историски слики, портрети, политика историска карикатура и репродукции на ликовни дела од НОБ како визуелни наставни средства.

Констатирајќи го горново, должност ни е да укажеме дека е крајно време просветните органи, заводите за школство, стручните здруженија на историчарите, а во прв ред издавачките претпријатија што побрзо да му посветат внимание на истакнатиот проблем. Во оваа смисла охрабрувачки делува што е истиот јасно согледан на советувањето што го организира и свика во првата половина на март годинава во Загреб, Заедницата на југословенските издавачи на учебници. Во заклучоците на ова срекавање е истакната потребата од изработување на нагледни средства, посебно на тие од времето на НОБ и НР. Се надеваме дека ова ветување ќе биде исполнето.

Наспроти изнесената состојба во поглед нагледните и други учила и учебни помагала за нашата најнова историја, тоа не значи дека и самите наставници, особено самоиницијативните, не ќе можат и сами нешто да сторат за да би го ублажиле недостатокот од такви средства.

Познати се многубројни примери, каде наставниците со средствата на училиштата, успеале да изработат карти, скици од НОБ, по пат на ангажирање на учениците да комплетираат албуми, тематски збирки со фотографии и разни написи од одделни фази на развојот на НОБ или од изградбата. Таквите иницијативи потекнувале повеќе по повод јубилеите на Револуцијата или во врска со познатите патувања на другарот Тито во неговата миролубива мисија во пријателските земји.

Посебно е потребно со нагледните средства за историјата на НОБ да се снабдени основните училишта, таму каде нагледноста е неопходна, таму каде за прв пат се формираат претставите и сфаќањата и каде врз ученичките души најмногу на емотивна основа се заробува патриотизмот, љубовта кон нашите народи, својата земја, Тито и сè она што го создаде оваа наша епопеја. Ова го нагласуваме дотолку повеќе што последиците од дефектите во наставата од оваа степен се чувствуваат мошне видливо во погорните степени на школувањето.